## Повик за утврдување на референтна листа на експерти за подготовка на ПЕФА Проценки во 10 општини

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија (ЗФР), учествува во спроведување на активности од проектот „Зајакнување на општинските совети – фаза 2 (Empowering Municipal Councils – Phase 2)“, финансиран од Швајцарската влада, Министерство за локална самоуправа, а ко-финансиран и спроведуван од Програмата за развој на Обединети Нации – УНДП.

Во рамките на проектите активности ЗФР треба да подготви PEFA[1] ре-проценка за првата група од 10 општини – партнери во проектот. За таа цел потребни се 5 (пет) **експерти Тип А - експерти од научната фела, слободни експерти;** кои ќе подготват PEFA проценка во периодот Март - Јуни 2026 година.

За потребите на проектот експертите ќе ги спроведат своите активности преку канцелариска и теренска работа. Деталите за ангажманот се наведени во деталниот Опис на работните задачи (ToR), за **Експерти – Тип А** за подготовка на PEFA Проценки.

**Табела: Опис на работните задачи (ToR), за Експерти – Тип А**
**за подготовка на PEFA Проценки во 10 општини**

| **Опис на работните задачи** |
|---|
| Координативни состаноци на ПЕФА Тимот (пред почетокот на истражувањето) |
| Прилагодување на PEFA Модел |
| Подготовка на материјали за истражување |
| Интервју за PEFA / теренски посети во 10 општини |
| Обработка на материјали и информации од истражувањето |
| Подготовка на нацрт верзија на истражувањето за 10 општини |
| Координативен состанок за разгледување на Нацрт верзиите и за дефинирање на финалните верзии на истражувањата за 10 општини |
| Подготовка на финални верзии од истражувањата |
| Подготовка на интегрален извештај |
| Подготовка на компаративни извештаи |

Се охрабруваат експертите да аплицираат на овој повик.

По изборот на експерти ќе биде комплетирана референтната листа на експерти за подготовка на ПЕФА Проценки во 10 општини.

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија (ЗФР), следејќи ја динамиката на спроведување на проектните активности и потребите од експертиза, со избраните експерти ќе склучи индивидуални договори во кои ќе се наведат типот, динамиката и обемот на ангажманот, како и максималниот износ на надоместот за ангажманот.

**Напомена: За овој повик не се подобни експерти со статус на државни, јавни и административни службеници кои засновале работен однос во органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закони, како и во институциите кои вршат дејности од јавен интерес утврден со закон,**

[1] Public Expenditure and Financial Accountability (PEFA) is a methodology for assessing public financial management performance. https://www.pefa.org/about

**а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Северна Македонија или од општините, од Градот Скопје, како и од општините во Градот Скопје.**

Доколку сте заинтересирани, Ве молиме да доставите кратко мотивациско писмо и Вашата ажурирана биографија со фотографија не подоцна од 16.00 часот во петок 13 март 2026 год. на следнава е-маил адреса: zfr.emc2@gmail.com